Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седница, одржана на 14 септември 2021 година, дава

# РЕШЕНИЕ
## за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Иновативни технологии за храна и нутриционизам“ на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Иновативни технологии за храна и нутриционизам“ на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

По добивање на Решение за акредитација бр. 1409-391/4 од 06.10.2020 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, се обрати со барање бр. 08-852/2 од 19.10.2020 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, под бр. 08-229/1 од 19.11.2020 година, за утврдување на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Иновативни технологии за храна и нутриционизам “ на Технолошко-технички факултет, единица во состав.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-229/2 од 22.2.2021 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата, на ден 23.04.2021 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08-229/3 од 11.5.2021 година, каде е наведено дека за студиската програма од трет циклус на студии по „Иновативни технологии за храна и нутриционизам“ на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Бр.40-9759/1
14 септември 2021 година
Скопје

ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

dr. Artan Grubi